

Фото: Њујорк Тајмс

**По повеќе месечно планирање, Обединетата македонска дијаспора (ОМД) утре ќе го инаугурира својот огранок во Лос Анџелес во чест на нашиот светски познат пијанист Симон Трпчески.**

На настанот, ОМД ќе го одликува Трпчески со Наградата за истакнати постигнувања на ОМД што се доделува на личности кои придонеле за развој на стопанството, уметноста, науката и други сфери значајни за Македонија и за Македонците во земјата и во странство.

- Овој настан следува по гостувањето на Трпчески во Филхармонијата на Лос Анџелес и во Walt Disney Concert Hall. Неговото прифаќање на нашата награда е за нас голема чест и настан од ваков калибар, со истакнат гостин каков што е Трпчески, е соодветен начин да го прославиме неговото дело, но и да го промовираме отворањето на огранокот на ОМД во Лос Ангелес, изјави претседателот на ОМД Методија Колоски.

Се очекуваат повеќе од 200 гости, не само од Лос Анџелес, туку и пошироко, од Калифорнија и од останатите делови на САД.

- Вакви манифестации би требало во иднина да бидат секојдневие за нас Македонците, бидејќи кај нашиот народ постои немерлив талент. Дел од нашата задача и мисија како организација е посветена на промоција на се што е македонско и на промоција на нашите таленти, истакна Колоски.

Според Бобан Јовановски, новоизбран директор на ОМД одговорен за САД, отворањето на регионалните ограноци е клучен дел од агендата на организацијата со цел да се обединат центрите на македонското иселеништво во САД и во светот.

- Би ни било многу полесно да останеме во своите седишта во Вашингтон и во другите

светски метрополи каде што се гради светската политика, но ние како организација сакаме да се приближиме до нашите членови, да бидеме поблиску до нив и со нив, рече Јовановски.

Засега ОМД има отворено ограноци во Вашингтон, Торонто, Парис и Мелбурн.